Врз основа на член 52 став (1), (2) и (5) од Законот за административни службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19, 14/20, 215/21 и 99/22), Градоначалникот на Општина Новаци донесе:

О Д Л У К А

за избор на кандидат по пат на Интерен оглас број 01/2022 за пополнување на работно место со унапредување

Општина Новаци
Бр. 04-25/11
20.01.2023 год

1. За извршител на работно место УПР 01 01 В01 000 Советник за Подготовка на материјали и документи од областа на здравствената, социјалната и детската заштита, Одделение за правни,општи работи и јавни дејности - 1 извршител, се избира кандидатот:

- **НИКОЛИНА ЛОЗАНОВСКА**

2. Градоначалникот на општина Новаци во рок од пет дена по конечноста на Одлуката ќе донесе решение за унапредување на административниот службеник од точка 1 на оваа одлука.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 30.12.2022г. на веб страната на Општина Новаци и на Агенцијата за администрација, беше објавен Интерен оглас бр.01/2022 за унапредување на административен службеник во Општина Новаци, во кој беше објавено работно место УПР 01 01 В01 000 Советник за Подготовка на материјали и документи од областа на здравствената, социјалната и детската заштита, Одделение за правни,општи работи и јавни дејности - 1 извршител.

Во врска со наведениот оглас и работното место, Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник, формирана со Решение бр. 04-25/7 од 09.01.2023 година, спроведе административна селекција по интерниот оглас, за што изготви Записник бр.04-25/9 од 18.01.2023 година.

На ден 18.01.2023 година Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник спроведе интервју и состави Записник бр.04-25/10 од 18.01.2023 година и Финална ранг листа со интервјуираните кандидати со Предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на Записникот од финалната ранг листа на интервјуираните кандидати ,за работното место Советник за Подготовка на материјали и документи од областа на здравствената, социјалната и детската заштита, Одделение за правни,општи работи и јавни дејности - 1 извршител, Градоначалникот на Општина Новаци донесе одлука како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова Одлука може да се поднесе жалба преку Агенцијата за Администрација до Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работни односи во втор степен во рок од 8(осум) дена од денот на приемот на Одлуката.

Општина Новаци
Градоначалник
Стевче Стевановски